# 32
# ПОРТРЕТИ

ИЗЛОЖБА ОД ФУНДУСОТ НА УМЕТНИЧКАТА
ГАЛЕРИЈА – СКОПЈЕ

# 32 ПОРТРЕТИ

## НА СРПСКОТО И ХРВАТСКОТО СЛИКАРСТВО
## ОД XIX — XX ВЕК

ОД 13 мај — 15 јуни 1982

организатори:

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ — СКОПЈЕ
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ
Во изложбениот салон на МАНУ

Издавачи: МАНУ и
Уметничка галерија

Одговорен уредник:
Тодор Скаловски
Боро Митриќески

Каталог и организација:
Вера Даниловиќ

Фотографии:
Марин Димес

Печатено во Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје
Тираж: 300

Македонската академија на науките и уметностите и Уметничката галерија — Скопје ја продолжуваат заедничката соработка во областа на ликовното творештво. Одделението за уметност при МАНУ овојпат го прифати презентирањето на еден редок ликовен материјал што го содржи изложбата „Портрети на српското и хрватското сликарство од XIX и XX век“ што претставува дел од југословенската збирка ликовни дела, сопственост на Уметничката галерија. Во оформувањето на оваа збирка учествуваа и академиците Димчо Коцо, Димо Тодоровски, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски, сликарот Борко Лазески и други, во времето на основањето на Уметничката галерија во 1948/49 година.

Сакаме изложбата да биде третирана само како презентација на еден постоен ликовен инвентар со сите вредности и припадности што ги носат делата во нивната камерна поставеност.

## ЃУРКОВИЌ ПАВЛЕ

Роден 1772 г. во Баја (Унгарија), умрел 1830 г. во Одеса.

Студиите, изгледа, ги завршил во Виена и Венеција.

Заедно со Арсен Тодоровиќ, е прв претставник на граѓанското сликарство во Србија во времето на класицизмот. Сликал иконостаси и голем број портрети, во кои постигнал извонредни психолошки карактеристики.

1. ПОРТРЕТ НА МИТРОПОЛИТОТ СТРАТИМИРОВИЌ, 1852,
   димензии 72 x 58.

## ДАНИЛ КОНСТАНТИН

Роден 1798 г. во Лугош (Банат), умрел 1873 г. во Бечкерек.

Учел во Виена, патувал низ Италија. Претставник на бидермаерската варијанта на класицизмот во Србија и еден од подобрите сликари кај нас во првата половина на XIX век. Како сликар на икони, бил под големо влијание на европските сликари од XVII век.

Се одликува со богат, префинет и хармоничен колорит (цртежот не му е секогаш најдобар), со нежно сликарско чувство кое понекогаш преминува во сладникавост.

2. ПОРТРЕТ НА П. СТОЈАНОВИЌ, 1872,
   дим. 66 x 53.
3. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА МУ НА П. СТОЈАНОВИЌ, 1872,
   дим. 66 x 53.
4. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ ВО ЧИПКИ,
   дим. 64 x 50,5.
5. МАШКИ ПОРТРЕТ ВО БЕЛИ РАКАВИЦИ,
   дим. 71 x 58.

## АЛЕКСИЌ НИКОЛА

Роден 1808 г. во Стар Бечеј (Војводина), умрел 1873 г. во Арад.

Учел во Академијата во Виена, патувал низ Италија.

Тој е еден од најплодните сликари во своето време. Изработил стотина портрети и многу иконостаси. Одличен цртач, додека колоритот му бил посув. Меѓу неговите многубројни портрети има и вонредно решени и вонредно колористички сликани.

6. МАШКИ ПОРТРЕТ,
   дим. 63 x 47,5.
7. ДЕВОЈКА СО ЦВЕТ,
   дим. 84 x 58

## АВРАМОВИЌ ДИМИТРИЕ

Роден 1815 г. во Ковиљска околија,

умрел 1855 г. во Нови Сад.

Учел во Нови Сад, а потоа во Академијата во Виена.

Сликар и писател. Сликал портрети и икони. Правел копии по Веласкез, Рубенс и Рембрант.

Насликал одличен портрет на Вук Караџиќ.

8. ПОРТРЕТ НА СТРАТИМИРОВИЌ,
дим. 71 x 54,5.

## СИМИЌ ПАВЛЕ

Роден 1818 г. во Нови Сад,
умрел 1876 г. во Нови Сад

Ја завршил сликарската Академија во Виена.

Сликал икостасти, портрети и историски композиции. Одличен портретист, сликал со фина, дискретна линија, и извонредно богат и топол колорит.

9. ПОРТРЕТ НА ИСАК РАЈАЧИЌ, 1846,
дим. 74 x 59,5.

## РАДОНИЌ НОВАК

Роден 1826 г. во Мол (Војводина),

умрел 1890 г. во Сремска Каменица.

Студирал во Виена и Италија.

Писател и сликар.

Солиден сликар, одличен цртач и одличен портретист со силно чувство за боја. Бил мошне критичен спрема себеси, така што престанал да слика уште пред својата педесетта година.

Бил член на САНУ.

10. МАШКИ ПОРТРЕТ,
дим. 39 x 31,5.

ТОДОРОВИЌ СТЕВАН

Роден 1832 г. во Нови Сад,
умрел 1925 г. во Белград

Студирал сликарство во Виена, Минхен и Италија.

Живеел во Белград и тука ја развил својата голема дејност (бил организатор на првото уметничко училиште во Белград и на други активности). Изработил неколку стотини портрети со големи уметнички вредности. Бил член на САНУ.

11. ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ,
дим. 53,5 x 43,5.

БУКОВАЦ ВЛАХО

Роден 1855 г. во Цавтат,

умрел 1922 г. во Прага.

Во Загреб дошол во 1894 г. и станал централна уметничка личност и авторитет со својата друштвена активност и ликовна култура. Одиграл пресудна улога во обликувањето и карактерот на хрватското сликарство во преодниот период на столетието.

Негово полихромно сликарство во рамките на академските канони, пленеризмот остварен со светлосно шаренило на боите, претставувало голем напредок.

Необично плоден и разновиден сликар.

12. ВИОЛИНИСТКА,
дим. 54 x 43.

13. ПОРТРЕТ НА МАДАМ ЕЛИ, 1887,
дим. 90 x 75.

ПРЕДИЌ УРОШ

Роден 1857 г. во Орловац (Банат),
умрел 1953 г. во Белград.

Студирал во Виена.

Предиќ е првиот и вистински реалистички жанр-сликар кај нас. Работел иконостаси, насликал голем број икони, како и голем број портрети на познати личности и јавни работници. Значаен е по своите композиции со историска тематика.

Бил член на САНУ.

14. ПОРТРЕТ,
дим. 26 x 21,5.

15. ПОРТРЕТ НА СИН ФОН, 1918,
дим. 62,5 x 48.

16. ПОРТРЕТ НА МИЛИЦА БЕШЕВИЌ,
1917,
дим. 50 x 37.

ЈОВАНОВИЌ ПАЈА

Роден 1859 г. во Вршац,

умрел 1957 г. во Виена.

Сликарство студирал во Виена.

Јовановиќ Паја е еден од најјаките претставници на академскиот реализам.

Долги години живеел во странство, затоа сликите му се наоѓаат растурени по целиот свет. Сликал историски композиции, фолклорни композиции и портрети. Портретите му се најубавиот дел од неговата уметничка активност.

Бил член на САНУ.

17. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА МУ,
дим. 64 x 78.

ПЕТРОВИЌ НАДЕЖДА

Родена 1873 г. во Чачак

умрела 1915 г. во Валево.

Учела во Минхен, подоцна студирала во Франција и Италија.

Големо време посветувала на работа во разни општествени активности, се занимавала со пишување ликовни критики, била еден од организаторите на првата југословенска изложба, еден од членовите на Иницијативниот одбор за формирање на Српско уметничко друштво, на првата југословенска уметничка колонија и друго.

Надежжна Петровиќ е еден од најсилните сликарски темпераменти кај нас, со голема улога во модерното уметничко движење кај нас, со дела чија уметничка вредност значат врвни достигања во југословенската уметност.

18. ПОРТРЕТ НА ИНЖЕНЕРОТ В. М.
дим. 49 x 42,5

АЛЕКСИЌ СТЕВАН

Роден 1876 г. во Арад,

умрел 1923 г. во Модош.

Сликарска академија завршил во Минхен.

Стеван Алексиќ е сликар со осреден дијапазон, суштински свртен кон минатото. Со извесна новина му се одделни портрети, свежи во бојата и третманот

19. СЕГЕДИНСКИ КРЧМАР, 1917,
дим. 85 x 69.

20. АВТОПОРТРЕТ,
дим. 38 x 31.

МИЛИЌЕВИЌ КОСТА

Роден 1877 г. во с. Врака кај Скадар,

умрел 1920 г. во Белград.

Студирал во Белград, Прага Виена и Минхен.

Како сликар созревал скоро и постепено, Заедна со Надежда Петровиќ е прв претставник на импресионизмот кај нас. Насликал ред значајни портрети.

21. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ, 1910, дим. 38,5 x 34.

22. ПОРТРЕТ НА ПОЛЈАК, дим. 36 x 30.

КРАЛЕВИЌ МИРОСЛАВ

Роден 1885 г. во Госпиќ,

умрел 1913 г. во Загреб.

Студирал на Минхенската академија, патувал во Франција.

Заедо со Рачиќ и Бециќ, е темелник на хрватското модерно сликарство.

Неговото творештво е универзално. Сликал: акт, фигура, портрет, автопортрет, композиција, мртва природа и друго.

23. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ, 1912, дим. 64 x 50.

МОША ПИЈАДЕ

Роден 1890 г. во Белград,

умрел 1957 г. во Париз.

Студирал на Аакадемијата во Минхен.

Како уметник, Моша Пијаде и припаѓа на групата сликари што настојувале да изградат домашни уметнички традиции. Не бил заинтересиран за современите сфаќања, туку останал верен на класиката. Конзервативните академски уметници ги прифатиле бојата и светлината како главни елементи на сликата.

Бил член на САНУ.

24. ПОРТРЕТ НА ДУШКО ПОПОВИЌ, 1936, дим. 31 x 27.

ДОБРОВИЌ ПЕТАР

Роден 1890 г. во Печуј (Унгарија),

умрел 1942 г. во Белград.

Учел во Академијата во Будимпешта.

Добровиќ е еден од значајните српски сликари. Извесно време бил под влијание на Сезан, потоа доаѓа до сопствен уметнички јазик. Сликата ја претвора во чиста колористика визија во која се губеле вредностите на објектот и на формата.

25. СЛИКАРОТ ЈОБ БОЛЕН,
дим. 67,5 x 48.

КРИЖАНИЌ ПЈЕР

Роден 1890 г. во Глина (Хрватска),

умрел 1962 г. во Белград.

Учел во Загреб.

Бил сликар и карикатурист. Крижаниќ е еден од основачите на политичката карикатура кај нас. Се занимавал и со ликовна критика.

26. АВТОПОРТРЕТ, 1956,
дим. 80 x 65,5.

ПЕТРОВИЌ ЗОРА

Родена 1894 г. во Добрица (Банат),

умрела 1962 г. во Белград.

Студирал на Академијата во Будимпешта.

Зора Петровиќ имала одредена физиономија речиси од првите свои платна. Останала животно и креативно врзана за своето поднебје. Нејзиното сликарство е исклучиво фигуративно и изразито монументално.

Била член на САНУ.

27. АВТОПОРТРЕТ,
дим. 80 x 65,5.

28. БОСАНЕЦ,
дим. 46,5 x 35.

РАДОВИЌ ИВАН

Роден 1894 г. во Вршац,

умрел 1973 г.

Студирал на Академијата во Будимпешта, престојувал во уметничките центри во Европа.

Иван Радовиќ е колористички сликар со карактеристичен регистар на: синкава, виолетова и зелена нијанса. Главна сликарска тема му била војводинската рамница, селската улица во наративно и илустративно изразување.

29. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА МУ,
дим. 68,5 x 55.

УЗЕЛАЦ МИЛИВОЈ

Роден 1897 г. во Мостар

Студирал на Академијата во Прага.

Узелац изградил посебна варјанта на сликарскиот експресионизам, која, задно со други сликари, претставува важна компонента во хрватското сликарство (група „Четворица").

Неговото сликарство го окарактеризирале во три основни настојувања: тенденција кон кубизмот, кон декоративното и порнографското, без оглед на тематската определба.

30. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА,
дим. 65 x 55.

М. Н. 1860

31. ДВЕ МАШКИ ФИГУРИ,
дим. 82 x 66.

НЕПОЗНАТ АВТОР

32. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ ОД XIX ВЕК,
дим. 55 x 41.

# РЕПРОДУКЦИИ

16





9



12



23



22



5